Република Северна Македонија

**Министерство за образование и наука**

Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет на ЈИЕ во Тетово - Република Северна Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of North Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Pranuar / Примено / Received | 10.05.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Nj.org. / Орг.Един. / Org.unit | Numer / Број / No. | Shtojcë / Прилог / Attachment | Vlera / Вредност / Value |
| 03 | 574/5 | 0 | |

УП1 БР. 14- 632

06 -05- 2019 година

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), и врз основа на 216 став 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

за почеток со работа на студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Меѓународно право на Правен факултет при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Меѓународно право на Правен факултет при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, се обрати со барање бр. 03-574/4 од 21.03.2019 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-632 од 22.03.2019 година, за добивање на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Меѓународно право на Правен факултет, единица во состав, акредитирана со Решение за акредитација бр. 1409-450/4 од 13.03.2019 година, издадена од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерот за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-632 од 01.04.2019 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 12.04.2019 година, изврши увид за исполнетоста на условите за студиската програма наведена во точка 1 на ова Решение и изготви Извештај УП1 бр. 14-633 од 17.04.2019 година, каде е наведено дека за студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Меѓународно право на Правен факултет при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, се исполнети условите согласно Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност.

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**МИНИСТЕР,**
**Dr. Arbër Ademi**

Доставено до:
- Архива

Подготвил: м-р Хана Дарлишта
Контролирал: Снежана Лузевска
Согласен: Борчо Алексов
Одобрил: Dr.Agim Rushiti

[1] 03-574/5 [2019]